

# КАКОВ ОФИЦЕРСКИ НИ ТРЕБА?



design:koma.mk

АКТО ФЕСТИВАЛ
ЗА СОВРЕМЕНИ
УМЕТНОСТИ

БИТОЛА
1 - 2 Септември 2017

# POP UP АКТО

## АКЦИЈА!

# POP UP АКТО АКЦИЈА!

## 12. АКТО ФЕСТИВАЛ ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ

## 01-02 септември, Битола

„Каков Офицерски ни треба?“ е прашање кое искрснува во преден план после поединечната заштита на овој објект како објект од особено значење на градот и на неговите контактни зони, а не во рамките на старото градско јадро на Битола.
Но што се случува сега со него?
Местото е „проколнато“, зјае од неговата фасада. Гордоста на Битола ја нема ниту на веб страницата на општина Битола, иако после кратко време повторно беше вратена на раководење кај оваа институција. Овој објект, после скандалозната идеја да се продаде (одлука на Влада на РМ, со одобрение на општина Битола), и по изјавата на градоначалникот дека тоа нема да се случи - туку дека овој објект од големо културно и историско значење ќе прерасне во куќа на културата, во која ќе се одржуваат различни културни настани – сеуште остана да чмае во својата немоќ. Скршени стакла, графити на фасадата, пукнатини и мувла, овој објект е оставен во темница.

Офицерски дом е споменик изграден во 1919 год. од управникот на битолскиот вилает Абдул Керим Паша. Преку своите еркерни балкони, покривната стреа и надвишувањето на четирите кули, како и својата богата внатрешност, претставува обележје на Битола и културно-историски споменик на битолската и македонската култура. Зад неговото проектирање стојат архитекти од Милано и од Виена. Изграден е како палата за свечени приеми, забава и за одмор. Во неговите салони се одржувани и небројни балови. Во време на ЈНА, влезот бил дозволен само за генерали, офицери и истакнати граѓани, а сé до почетокот на 2000-та година служеше за различни културно – уметнички манифестации.

АКТО Фестивалот за современа уметност уште од 2006 год. беше една од ретките иницијативи кои го користеа овој простор, сѐ до 2015 год. Таа година по прв пат Фестивалот не доби дозвола од општината да презентира настани во Офицерски дом. До сега тој послужил за организирање на осум изданија на АКТО, во период од 12 години постоење. Меѓу овие ѕидови АКТО промовираше изложби од домашни уметници, но и од Бугарија, Хрватска, Словенија, Србија, Австрија, Франција, Косово, музички настани од домашни дј-и, но и од странство, театарски претстави од Македонија, Србија, Словенија, работилници и регионални конференции. Во околината на Офицерски, пак, т.е. на зелената површина и пред него, не само што имаше настани за деца, туку беше донесена и мобилната/монтажна галерија од Скопје и поставена таму специјално за Фестивалот.

Откривањето на напуштени простори за културни настани уште од почетокот на АКТО претставуваше еден од неговите препознатливи постапки во продукцијата на современа уметност и култура. Да се „користи" КУЛТУРАТА, како поле за иницирање на општествени важни прашања, стана исто така препознатлив белег на АКТО.

И во таа смисла, потпирајќи се пред сѐ на наследството на настани кои АКТО ги правел во Офицерски, Фестивалот се почуствува повикан уште еднаш да го акцентира прашањето – „Што се случува со Офицерски и каков Офицерски ни треба?"

АКТО во партнерство со Завод и Музеј Битола, во неколкумесечен процес на работа, разработуваше различни пристапи кон прашањето – да се заштити објектот со заштита од особено значење и да се побара најсоодветен модел за негово функционирање и содржина - пред сѐ во насока на културно уметнички содржини важни за заедницата.

Севоова беше овозможено преку проектот „Културни простори за активни граѓани“ во партнерство на ФРУ – Факултет за работи што не се учат, Локомотива – Центар за нови иницијативи во културата и уметноста и програмата на Цивика мобилитас.

Па така, по 11 години постоење, и по активности во повеќе градови минатата година, АКТО Фестивалот за современи уметности на почетокот на својот 12 роденден повторно ќе ја отвори темата за заедницата, но овој пат повикувајќи ги сите индивидуалци, заедници и сектори во Битола да се приклучат во ревитализирање на еден од најзначајните културни знаци во градот – Офицерски дом.

Минатата година АКТО зборуваше за моќта да се биде заедно во форма на постоење на колективи (групи) и нивната политичка моќ, како и можностите и потенцијалите на формирањето на заедница, која ќе ги истакнува антагонистичките принципи. Оваа година тоа искрснува во силни заложби да се сочува еден важен објект во градот – Офицерски дом!

Офицерски се покажа дека не е само објект-симбол на репрезентативната битолска градска архитектура (за која можеме да отвориме полемики околу нејзината историско -архитектонска вредност), туку недвосмислена илустрација на она што го викаше Борис Чипан - „Затоа пак ќе кажам, каква власт, таква архитектура“ – во овој случај имплицирано на третманот кој локалната власт и Владата го имаат кон овој споменик на култура.

Случајот со Офицерски дом, како во просторот на грчката агора, ги судри помеѓу себе силите на заедницата (која повторно ќе се покрене на АКТО АГОРА). АКТО сега, во рамки на јавната расправа „Каков Офицерски ни треба?“, ќе даде еден фокус од повеќе агли и на повеќе нивоа на прашањето за политичката природа на борбата на граѓаните за јавното добро.

Целта на оваа расправа е да се даде увид во две важни прашања: мислење за неколку модели на управување, но првенствено заштита на овој објект и неговата околина -контактна зона - како културно наследство од особено значење. Во основата и ќе запраша – „колку се грижиме за заедничкото добро, за она што ни припаѓа на сите?"

Структурата на агората е во смисла на кругови на преиспитување, во и вон круговите. Појдовната точка е да се креира место на различни мислења, простор за нивно судрување, за што и може да биде овој објект, оставен на заборавот.

Солидаризирањето во одбраната и враќањето на заедничкото добро или јавното добро, доброто кое е наменето да го користат сите, е предизвик кој постојано е на тест и со различни варијации, посебно во изминатава декада во земјава. Сведоци бевме на ригидно спроведуваната идеја за отуѓување на заедничките добра под притисокот на пазарната логика, но и под везот на медиокритетските и националистичките интереси. Оневозможувањето на силен колективен глас беше спроведувано од различни притисоци, од оние кои ја запираа секоја прогресивна идеја, до оние кои влијаеа на лично ниво доведувајќи до автоцензура, но и до ограничување на колективниот дух. Борбата на повеќе нивоа изминатиов период не оддалечи од она што би требало да биде централно за сите нас – култура изградена на силни човечки вредности и етика, култура на споделување и делење. Култура која ќе едуцира, а не КУЛТУРА која ќе регрутира.

Се чини дека сега, во еден ветувачки период од поновата историја, е потребно да се здружиме и да го бараме од што им припаѓа на сите, почнувајќи од еден од симболите на Битола, Офицерски дом. Во изминатиот период се случија многу иницијативи кои се обидоа да дадат внимание на објектот, толку значаен, но се чини тенденциозно оставен да пропаѓа. АКТО, користејќи го своето наследство на активности кои се случиле таму, повикува уште еднаш на згрижување на овој објект и на негова заштита преку своите најнови активности.

# За Офицерски дом!





# *01 септември 2017 (петок)*

__12:00-16:00__
**АКТО ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ**
Локација: Плато спроти мезе - бар Јагода
АКТО музичка работилница за грамофони
Ментор: DJ Flooder

__20:30__
**АКТО ПЕРФОРМАНС**
Локација: мезе - бар Јагода
- *Зоо приказна* – перформанс во изведба на **Здравко Стојмиров**

__21:00__
**АКТО ИЗЛОЖБА**
Локација: мезе- бар Јагода, Задруга Артикултура, кафе бар Радост

- *Со окото на маргините* – изложба на квир-фотографии, финален производ на истоимениот курс за фотографија под менторство на **Жарко Чулиќ, Драшко Костовски** и **Славчо Димитров.**

Автори на фотографии: **Стефан Богески, Биљана Гинова, Јана Тодоровска, Аммар Качар, Никола Велков, Афродита Џафери, Орнела Милевиќ, Љупчо Петрески, Симона Манчева, Ненад Мицов, Елена Петровска.**

__21:00 - 01:00__
**АКТО МУЗИКА**
Локација: плато пред мезе – бар Јагода

*Настап на DJ-* и учесници од АКТО музичката работилница за грамофони под менторство на Flooder

**DJ Flooder**

**DJ Зоки Бејбе**

# 02 септември 2017 (сабота)

**10:00-12:00**
**АКТО ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ**
Локација: паркот на Офицерски дом

- *БитолаЕ дечињата за Офицерски* – работилница за деца
- *Мал битолски Монмартр* за Офицерски, настан на сликање и цртање за деца и младинци
- *Библиотеката на тркала* на Фондацијата „Чекор по чекор“ - Македонија

**12:00**
**АКТО ИЗЛОЖБА**
Локација: мезе- бар Јагода, Задруга Артикултура
*Футуристички споменици од старата Југославија*, изложба на постери од **Зоран Кардула**

**12:00-14:30**
Локација: паркот на Офицерски дом
**АКТО АГОРА**
*КАКОВ ОФИЦЕРСКИ НИ ТРЕБА?*
Јавна расправа изработена во рамки на проектот „Културни простори за активни граѓани“, во парнерство со Локомотива – Центар за нови иницијативи во културата и уметноста

Учесници: **Роберт Алаѓозовски**, Министер за култура на РМ, активисти од Битола и Скопје, парламентарци од повеќе политички партии како и парламентарци - членови на комисија за култура, членови на совет за култура на општина Битола од повеќе политички партии, граѓани на град Битола, активни и заинтересирани за ова прашање, луѓе од раководни позиции од јавни институции во Битола, експерти за културно наследство, членови на независна културна сцена од Битола, Скопје, Тетово, Струга, вработени во министерства во РМ.

**14:30 – 18:00**
АКТО МУЗИКА
Локација: плато пред мезе – бар Јагода
**JUNE**
**РИБ**

# 02 септември 2017 (сабота)

<u>18:00 -19:30</u>

**АКТО ДИСКУСИЈА**

Локација: паркот на Офицерски дом

*Продукција на музика во студио, гаража или дома? Разлика во пристапот на творење на електронска и гитарска музика, бенд и соло артист.*

Модератор: **Саша Павловиќ (Критика.мк)**

Учесници: **Доне Скендеров (Land), Пеце Трајковски (Фолтин), Јане Трајковски (Rib/June), Ивица Димитриевиќ (Rib/SIZ), Бојана Низамовска (June), Илија Талев (Muzak/Xavier Acid), Сашо Ралевски (Saso Recyd/ Xavier Acid), Марија Лајмановска (Плава/Паркети), Дејан Петровиќ (Sweet Rapscallions), Виктор (Рикверц), Миле Гроздановски (Рикверц), Дејан Талевски (Dejan Dex)**

<u>18:00-19:30</u>

**АКТО ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ**

Затворена дискусија со претставник од Солун Прајд на тема *„Размена на позитивни практики за ЛГБТИ активизам на локално ниво"*, во соработка со ЛГБТИ Центар за поддршка и локалното ЛГБТИ јадро од Прилеп/Битола

<u>20:00</u>

**АКТО ИЗЛОЖБА**

Локација: Изложбен простор на КЦ Магаза при НУ Завод и Музеј Битола

*СОВРШЕНИОТ УМЕТНИК,* групна изложба на учесниците на истоимената дискурзивно – едукативна програма

Кураторка: **Ивана Васева**

Координатори/ ментори на програмата: **Ивана Драгшиќ, Филип Јовановски, Оливер Мусовиќ, Биљана Тануровска – Ќулавковски**

# *02 септември 2017 (сабота)*

Учесници и дела:

**Ана Јовановска, Амир Карахасан, Анастасија Пандиловска - Para Atlas**, истражувачко – едукативен процес со продукција на уметничка книга/ фанзин

**Марија Конеска – Ангелот**, инсталација/ **Немања Трајковиќ - Сина Срча**, инсталација

**Драган Мишев, Елена Чемерска** – Споменик на слободата, инсталација

Настап на **Lepi Xhoni** во рамки на инсталацијата

**Наташа Неделкова, Николче Славевски, Зоран Шеќеров – Трудови**, групен концепт и изложба

Оваа програма е реализирана во соработка со **Фондацијата Фридрих Еберт** – канцеларија Скопје
*Изложбата ќе биде отворена до 4.09.2017

**21:00-01:00**
**АКТО МУЗИКА**
Локација: Задруга Артикултура

Промоција на деби албумот "If..." на култниот битолски бенд Land /Green Grass Dreams/

**DJ Соња Исмаил**
**DJ Вера Умка**

## *03 септември 2017 (недела)*

**12:00-13:00**
**АКТО ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ**
Локација: мезе – бар Јагода
Изложба од настанот Мал битолски Монмартр за Офицерски

## АКТО ЗА ЗАЕДНИЦИТЕ

### АКТО музичка работилница за грамофони

Техниката на комбинирање на музички ритми, мелодии, стилови и правци токму на плочи, бил и се уште е предизвик, со децении наназад. Последниве 15-тина години дигиталните носачи на звук и пристапноста на музиката во било кое време, на наједноставни и секому достапни уреди, апликации и програми, придонесе сé помалку вљубениците во музиката да го презентираат својот музички избор токму преку два или повеќе грамофони. Таквата пракса е доведена до граници на раритет. Од друга страна, винилот, како носач на звук, последниве години се враќа на голема врата, во сите музички стилови и правци. Процесот на продукција и технологијата наметнуваат брз чекор кон враќање на еден од првите начини на издавање, промоција и слушање на музика. Токму поради тоа Акто Фестивалот годинава превзема акција за приближување на грамофонот, плочите и миксањето музика на винил, до помладите вљубеници во современите електронски музички форми. **Нино Делиниколов (DJ Flooder),** еден од најизвиканите поборници и вљубеници во винилот, како медиум ќе се обиде да пренесе дел од своето искуство и магија на помладите вљубеници во електронска музика.

*БитолаЕ дечињата за Офицерски* – работилница за деца

Оваа работилница е продолжение на работилницата која се одржа во април оваа година, на иницијатива на **Борче Василевски**, со идеја да покаже дека паркот на Офицерски дом им припаѓа на децата, а не на автомобилите.

Тој го цитира Матеа (11 год.) кој вели:
„Автомобилите не знаат што е детство и детска игра и не плашат кога играме. И нема да дозволиме таму да се паркираат".

*Мал битолски Монмартр за Офицерски*, настан на сликање и цртање, наменет за деца и младинци

*Малиот битолски Монмартр* е традиционална меѓународна детска ликовна колонија од 1982 година, во организација на Детското ликовно студио „Св. Кирил и Методиј" од Битола (основана од ликовниот педагог Коста Хаџи Антоновски). Колонијата се одржува во Битола секоја година од 23ти до 30ти мај. На оваа манифестација учествуваат ликовни таленти од Европа и светот, на возраст од 5 до 14 години. Младите уметници на своите платна најчесто ја сликаат старата архитектура на градот, како еден од најпрепознатливите симболи на Битола.
Учеството е по пат на конкурс (на слободна тема и ликовни техники), што се распишува на почетокот на септември, а трае до 20 февруари. Сите пристигнати творби на конкурсот ги разгледува и оценува меѓународно стручно жири, кое доделува повеќе вредни награди. Како придружна манифестација на Колонијата, секоја година во Битола се организира и меѓународна изложба, на која се поместуваат околу 1.500 најдобри творби на учесниците на конкурсот.
Студиото располага со огромен фонд детски цртежи (преку 350.000), кои беа изложени на Изложбата на Гинис.

*Библиотеката на тркала* на Фондацијата „Чекор по чекор“ – Македонија

Акцијата *„Библиотека на тркала“* е подготвена во рамки на активностите за вклучување на семејството и заедницата и промовирање на јазичната и математичката писменост во почетните одделенија на организацијата „Чекор по чекор – Македонија“. Тоа е всушност возило, кое е специјално пренаменето во подвижна библиотека, полна со книги, едукативни игри и други материјали за учење.

Идејата на Библиотеката на тркала е да патува низ земјата и да ги посетува основните училишта и локалните заедници. Учениците добиваат можност да се вклучат во забавни настани за читање и математика, а на располагање ќе им бидат и многубројните книги и материјали од библиотеката. Внатрешноста на библиотеката нуди стимулативна и релаксирана атмосфера, а истовремено може да биде и одлична можност за активности на отворено. Проектот на УСАИД „Со читање до лидерство“ го спроведува Фондацијата „Чекор по чекор“ – Македонија. За подетални информации во врска со проектот, посетете ја интернет страницата: www.stepbystep.org.mk



## АКТО ИЗЛОЖБА

*Со окото на маргините* – изложба на квир-фотографии

Изложбата со „Со окото на маргините" е резултат и финален продукт од истоимениот курс за квир фотографија, организиран од Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници", во партнерство со ЛГБТИ центарот за поддршка и ЛГБТ Јунајтед Тетово, под менторство на **Жарко Чулиќ, Драшко Костовски** и **Славчо Димитров.** Организирањето на курсот и продукцијата на овие фотографии имаше за цел да ја зголеми видливоста на сексуалните и родовите малцински групи, индивидуи, субкултурни практики и желби, и да ги предизвика доминантните режими на видливост и репрезентација, особено стереотипното претставување во тековната култура и медиуми.



Изложбата првично беше поставена во рамки на Скопскиот викенд на гордоста 2017 - ТРАНС-ФОРМАЦИИ, и истата беше концептуално врзана со просторот на изложување на фотографиите, тоалетите во ноќниот клуб Епицентар, за време на клубскиот перформанс на Аереа Негро. Кураторскиот избор за поставувањето на изложбата во овој специфичен простор беше одреден од мноштвото симболички и социјални конотации, употреби и практики во клубскиот тоалет, како хетеротопична локација. Краткотрајноста и минливоста, проследени со ризикот од уништување на изложените фотографии, беше можност да се рефлектира искуството на „настраните", но и точка на отпор кон хетеронормативната темпоралност. Поврзаноста на тоалетите со „долното", телесноста и абјектните делови и флуиди од човековото тело, срамната и скриена интимност, претставуваше симболички топос од кој може да се издигнат субкултурните практики на настраните, и можност да се апроприираат презрените телесни форми и искуства како алатки за општествена критика. Премолчените искуства на задоволства, краткотрајни еротски размени, екстатични сладости поврзани со конзумирање на дроги, како практики на анонимните желби врзани за тоалетите, за нас претставуваа можност за политика на отфрлање на нормализацијата, достоинството и асимилацијата во хетеронормативната логика.

# БИОГРАФИИ и КРАТКИ КОНЦЕПТИ

*Футуристички споменици од старата Југославија,* изложба на постери од **Зоран Кардула**

Исто како и во претходните редизајни на постери, и во оваа серија Кардула сака да ја покаже југословенската уметност, но овој пат преку мистичните и убави бруталистички споменици. Овие споменици го претставуваат отпорот, војните, но исто така и единството на југословенските народи низ историјата. Покрај нивното историско значење, она што ги прави посебни е и нивниот уникатен стил. Иако спомениците биле изградени во 20 век, 40 години подоцна тие сеуште изгледаат многу напредни. Нивниот футуристички изглед создава чувство на филм од научната фантастика, како „Војна на ѕвездите“. За жал, некои од нив се заборавени и напуштени, но преку работата на Кардула, уште еднаш се потсеќаме на овие ремек дела кои ги има насекаде низ поранешна Југославија.

**Зоран Кардула** е графички дизајнер и уметник, кој живее и работи во Скопје. Тој има страст да собира стари работи и да ги преработува и трансформира во современи уметнички форми. Неговиот визуелен и концептуален вокабулар започнува од техниката на класично сликарство, преку дизајн на накит, па сѐ до модерни форми на дизајн.



*СОВРШЕНИОТ УМЕТНИК*
Дискурзивно – едукативна програма во рамки на наградата ДЕНЕС за млад визуелен уметник до 35 години

Партнери на едукативна програма: ФРУ – Факултет за работи што не се учат од Битола/ Скопје, Фондација Фридрих Еберт –Канцеларија Скопје и Центар за современи уметности – Скопје
Временски период на одржување на програмата: мај – септември 2017 год.

Дискурзивно – едукативната програма *СОВРШЕНИОТ УМЕТНИК* е кураторски проект замислен од **Ивана Васева** како интерактивна програма, која ќе понуди повеќе предавања и работилници. Има за цел дополнување на критичкото, аналитичко, теориско, но и практично знаење на младите визуелни уметници во Македонија. Програмата ќе тежнее да се истакне важноста на политичката и општествена димензија на уметноста, но и на самите нејзини чинители (уметниците, кураторите, историчарите на уметност, критичарите, социолозите и теоретичарите на уметност итн.), како и моќта на самобразованието во расчекор со официјалното образование, кое во земјава постои во анахрони облици и неолиберални околности.
Оваа програма произлегува од наградата ДЕНЕС за млад визуелен уметник до 35 години, која е дел од интернационалната мрежа на награди за млади визуелни уметници. Наградата од 2003 год. ја спроведува Центарот за современи уметности – Скопје, а од 2015 год. како партнерска организација се приклучи Факултет за работи што не се учат од Битола/ Скопје.
Во конципирањето на скелетот на целосната програма беа вклучени **Филип Јовановски**, уметник и уметнички директор на ФРУ – Факултет за работи што не се учат, и **Милан Живковиќ**, директор на Фондација Фридрих Еберт – канцеларија Скопје.

# БИОГРАФИИ и КРАТКИ КОНЦЕПТИ

Покрај теорискиот дел, програмата е составена од практичен дел, кој подразбира работа во групи во една отворена структура. Практичниот дел, насловен „АКТО Инкубатор“, всушност претставува „продукција на дела преку нарачка“ (commission), каде АКТО Фестивалот за современи уметности ги ангажира сите учесници да продуцираат проекти/ програми во рамки на фестивалската програма, која ќе се одвива на 01 и 02 септември во Битола.
Овој практичен дел е изграден во соработка со **Ивана Драгшиќ, Филип Јовановски, Оливер Мусовиќ** и **Биљана Тануровска – Ќулавковски**, кои имаат функција на координатори на групите, и преку чија фасцилитација и мотивација се артикулираат поединечните интереси и се оформуваат во колективност.
Во програмата учествуваа: **Ана Јовановска, Амир Карахасан, Анастасија Пандиловска, Марија Конеска, Немања Трајковиќ, Дејан Џолев, Драган Мишев, Елена Чемерска, Наташа Неделкова, Николче Славевски** и **Зоран Шеќеров.**



## АКТО ПЕРФОРМАНС

*Зоо приказна*– перформанс во изведба на **Здравко Стојмиров**

Премиерата на перформансот ,,Зоо приказна'' по Едвард Олби, се одржа во мај 2017 година во Враца, Бугарија, на Фестивалот за камерни театарски форми, и беше одликувана со награда за театарски експеримент.
Во овој перформанс, ликот на Питер е публиката. Ликот на Џери е во постојана комуникација со секој гледач во публиката, кој тој своевремено и своеволно го определува како таков или различен од она што е. Односно гледачот може да биде перцепиран како животно, инсект, предмет или да ја менува неговата општествена или сексуална определба. Оваа навидум комична приказна раскажана од забавниот, комичен, интелигентен и себеироничен лик Џери, завршува трагично заради неговата ненадејна смрт кога ,,Питер'', изреволтиран од него, несакајќи го убива.
Човекот кој е отфрлен од општеството е мртов човек. Стравот како оружје за себеуништување. Стравот на поединецот кон општеството и обратно. Дали убиецот е самиот поединец или општеството?
Перформансот е ,,Space specific theatre'' и трае 30 минути. Соработници на претставата се **Арменд Исаи** и **Гоце Мукевски**.

Актерот **Здравко Стојмиров** завршил средно училиште во гимназијата „Јосип Броз Тито" во Битола. По завршувањето на Факултетот за драмски уметности во Република Бугарија на Југозападен универзитет „Неофит Рилски" во Благоевград, до денес, работел на повеќе театарски проекти, ТВ серии и кратки филмови.

Учествувал на бројни национални и интернационални театарски фестивали, соработувајќи со институционални театарски куќи, разни театарски групи, организации и асоцијации на граѓански здруженија, во земјава и во странство. Како актер, од 2010 година е член на НЕТА асоцијацијата (Нова европска театарска акција). Исто така работел како учител по актерска игра за ученици, почетници и аматери во приватни и државни училишта, аматерски и училишни театарски групи во Македонија и Бугарија.



## АКТО МУЗИКА

Своевремено еден од најголемите таленти зад грамофоните, **Нино Делиниколов – DJ Flooder** го оправдува овој епитет и останува верен на винилот како примарен медиум за вртење музика. Неговите резидент вечери во неколку клубови во Скопје се секогаш добро посетени, не само поради одличниот разнобоен музички избор, туку и поради суптилниот микс, што е своевиден трејд марк за него, па не ја остава публиката да здивне на подиумот. Изминатово лето го прелета на повеќе европски фестивали, каде „вртеше“ музика со најголемите светски DJ имиња. Како подготовка за неговиот настап на Reworks во Солун, каде со години редовно настапува, DJ Flooder на АКТО ќе сподели дел од своето искуство и магија зад грамофоните со млади и надежни DJ-и од Битола, со цел да ја рашири својата љубовна приказна за грамофоните и плочите.



**Зоки Бејбе** е еден од пионерите на андергроунд електронската сцена, започнувајќи да ја промовира во своите радио и тв проекти од 1991 година. Во 1996 година започнува со ДЈ-ејство и до ден денес е еден од најбараните македонски ДЈ со редовни резиденци и настапи. Неговиот талент е проверен на значајни подиуми како К4 / Би кафе Љубљана, Парадисо Амстердам. Зоки Бејбе е и денес е еден од двигателите на сцената, со својата футуристичка визија за презентирање на најдоброто од новата хаус и техно продукција. Незаборавен е неговиот прв настап на АКТО во 2012 год. во Официрски, заедно со локалниот херој, Дејан Декс. На АКТО повторно доаѓа со куфер позитивна енергија и музика за играње.



**June** е резултат на ентузијастички дух на петмина вљубеници во музиката. Бендот е формиран 2010та година и скромно, но впечатливо, си наоѓа место на македонската музичка сцена, со симпатична свежина во комбинирањето на инди поп, американа и дози на современ кантри поп. Имаат забележителни настапи на повеќе фестивали низ Европа, меѓу другите: на EXIT 2011, Sziget Festival 2015, Vienna Waves Festival 2015, Eurosonic Noorderslag 2016, како и повеќе самостојни концерти. На нивното второ концертно гостување на АКТО ќе го промовираат третиот албум “Living For The Weekend” (2017).



**Rib** - Кога тројца момци со различен музички бекграунд ќе се најдат заедно во тесен музички простор, и комбинираат 2 гитари, бас тапани и труба, од целата креативна енергија се раѓа игрива музика, која гравитира околу сурф рок со примеси на блуз и инди рок. **Јане Трајковски (June)**, **Ивица Димитриевиќ (SIZ)** и **Џано Куч (Bernays Propaganda)**, многу брзо по нивното формирање во 2014 година под името Rib, успеваат да изградат сопствена публика, која будно го следи секој нивни настап. Изминатово лето го „извозеа“ на кратка балканска турнеа, неуморно промовирајќи го нивниот втор албум „Bliss“ (2017). Очигледно инспирирани за нивниот втор настап на АКТО, доаѓаат со најава за нов албум веќе следната година.



**Land**, некогаш познати како **Green Grass Dreams**, е поп проект на **Доне Скендеров** и **Петар Пепи Георгиевски**, со еклектичен битолски поп маниризам зачнат во „годината на осамостојувањето“, во февруари 1991 год., со ритам машина и гитара на касетофон. Во локалното студио на Миодраг Нечак - Микс, ги снимаат своите први 4 песни, по кои следат готово хистерични јавни хвалоспеви и настапи во државата, како и на проминентните Трот фест и Кумановскиот летен фестивал. Во 1998 год. го менуваат името во Land и во истото студио го снимаат своето деби издание, кое никогаш не било официјално издадено, сè до 2-ри септември годинава кога ќе доживее свое премиерно обелоденување на АКТО. Егземпларот на битолската поп музика од 90-те се враќа да го претстави својот деби албум "If..." (2017).



**Соња Исмаил** повеќе од 10 години активно пушта музика, која што не би било лесно да се смести во еден музички жанр. Во нејзините сетови ќе најдете диско од '60-те години на минатиот век, одлично вклопени со некоја мрачна техно мелодија издадена пред неполн месец, или мелодично електро фино измиксано со некоја хипхоп линија. Долги години беше радио водителка во единственото алтернативно и независно музичко радио во Република Македонија - Канал 103, а нејзините емисии беа посветени на промоција на млади и не толку млади македонски уметници, музичари, актери и социјално ангажирани личности. Нејзините претходни настапи на АКТО остануваат во сеќавање по позитивната енергија и насмевките на публиката додека танцува на подиумот.



**Вера Христовска – Умка** повеќе се гледа себеси како графичар и фотограф, но во слободно време се опушта со добра музика. Веќе неколку години наназад настапува како резидент на повеќе места во Битола, а забележителни се нејзините настапи и на повеќе локални арт фестивали. Нејзиниот ведар дух се рефлектира и во музичкиот избор, па публиката е среќна и ужива на подиумот. Понекогаш нејзините настапи се пропратени и со визуелизација, како соработка со повеќе истомисленици и вљубеници во убава музика и слика.



## АКТО ДИСКУСИЈА

*Продукција на музика во студио, гаража или дома? Разлика во пристапот на творење на електронска и гитарска музика, бенд и соло артист.*

Процесот на творење на музика е рефлексија на тоа колку членовите на бендот се комплементарни во креативниот потенцијал. Од друга страна, творењето музика со себе и за себе, бара посветеност, дисциплина и изолација. Музиката не е само забава. Музиката е креативен процес, начин на изразување, став, филтер низ кој поминува се́ што ги опкружува оние што ја создаваат. Кој е нивниот пристап? Кои инструменти, техники и технологии ги користат? Од каде црпат идеи и инспирација и кои се првите критичари на нивната музика? Ова се дел од прашањата кои гостите на оваа АКТО дискусија ќе ги споделат меѓу себе и со публиката за процесот на продукција на музика.

## АКТО АГОРА

*КАКОВ ОФИЦЕРСКИ НИ ТРЕБА?*
јавна расправа во рамки на проектот „Културни простори за активни граѓани“ во парнерство со Локомотива – Центар за нови иницијативи во културата и уметноста

Акцијата „Културни простори за активни граѓани“ дејствува во насока на развој на платформа за соработка и ко-управување со јавни простори, преку учество и соработка на граѓанскиот сектор, конституентите и локалната власт. Акцијата содржи развој на механизми за вклучување и (ко)управување, како и поддршка и развој на релевантни социо-политички содржини од полето на културата. Исто така, таа овозможува услови за продукција и видливост на нови современи културни содржини од актери од граѓанскиот сектор, кои одговорно се бават со релевантни социо-културни и политички прашања. Оваа акција е базирана на здружување на искуства и знаење, кои ќе се мултиплицираат и развијат, а ќе придонесат кон развој на модели за раководење со простори каде ќе се афирмира јавното, слободната граѓанска мисла и дејствување. Во овие простори ќе добијат на видливост и можност за реализација акциите на соработниците од поширокиот граѓански сектор (млади, човекови и родови права, работнички права итн.). Акцијата ќе дејствува и во доменот на застапување и промена во јавните политики (просторни и културни), преку анализа на состојбата на одреден простор (Офицерски дом во Битола) и реафирмација на истиот за јавна употреба.



Овој проект е финансиран од програмата Цивика мобилитас, а партнери се Локомотива – Центар за нови иницијативи во културата и уметноста и Здружение за култура и уметност Факултет за работи што не се учат, Битола и соработници се Друштвото за театарски и едукативни дејности Театар на навигаторот Цветко, Скопје, Здружение на текстилни, кожарски и чевларски работници Гласен текстилец Штип и Здружение за активизам, теорија и уметност Плоштад Слобода, Скопје.



# ПОП АП АКТО АКЦИЈА – ТИМ

**ПОП АП АКТО АКЦИЈА** е поддржан од **Фондација Фридрих Еберт - канцеларија Скопје, Цивика мобилитас – Македонија, Министерство за култура на РМ и ЛГБТИ Центар за поддршка.**
Соработници на фестивалот се: **мезе – бар Јагода, ЛГБТи Центар за поддршка, НУ Музеј и Завод Битола, НУ Центар за култура Битола, Задруга Артикултура, кафе бар Радост и Види вака.**

ПОП АП АКТО АКЦИЈА – ТИМ

**Филип Јовановски** – уметнички директор
**Ивана Васева** – кураторка
**Илија Тирицовски** - куратор и координатор на музичка програма
**Александар Јовановски** - куратор на музичка програма
**Јана Колева** – односи со јавноста
**КОМА** – графички дизајн
**Марио Минчевски** - дизајн
**Влатко Деловски** – продуцент
**Огнен Поповски** - продуцент
**Бујар Драла** - продуцент
**Кети Талевска** – фотографка
**Владимир Поповски** – снимател
**Веле Вељановски** – техника
**Аднан Алитовски** – техника
**Ана Џима** - координатор на волонтери
**Мики Џима** – координатор на волонтери

# ПОП АП АКТО АКЦИЈА – ТИМ

Волонтери: **Јована Марковска, Анастасија Дојчиновска, Ангела Стефоска, Емилија Мицевска, Бахар Мемедовска, Сања Гоновска, Марија Митреска, Ивона Дамјановска, Михајло Христовски, Андреј Илиевски, Бојана Исијанин, Евгенија Мицеска, Ана Гаштарова, Христина Стерјовска, Мартина Димитровска, Марија Василевска, Софија Мирчевска, Ангела Секуловска, Арменд Исаи, Јани Патче, Емилија Трампевска, Маја Талевска**

Работна група за иницијатива за Офицерски дом:
**Влатко Деловски**
**Никола Наумоски**
**Одисеј Јовановски**
**Билјана Тануровска-Ќулавковски**
**Ивана Васева**
**Филип Јовановски**

